УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ (УИНТ) „СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ" ОХРИД

објавува

# КОНКУРС

## ВО РАМКИ НА ПРОГРАМАТА ЕРАЗМУС+

## АКЦИЈА 1: ИНДИВИДУАЛНА МОБИЛНОСТ ЗА СТУДЕНТИ

за студиски престој во странство во летниот семестар од академската 2017/2018 и обуки/стажирања кои треба бидат реализирани најдоцна до октомври 2018 година

Во рамките на програмата ЕРАЗМУС+ на Европската комисија, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид, распишува Конкурс за доделување на максимум 37 стипендии за студенти за студиски престој на високообразовните институции од земјите со кои Универзитетот има потпишано договори за меѓу-институционална соработка. од кои 12 стипендии за обука/стажирање во компании (во зависност од пројавениот интерес стипендиите за обука/стажирање можат да бидат трансформирани во стипендии за студиски престој). Листата на универзитети со кои УИНТ има потпишано договори за меѓу-институционална соработка можете да ја видите на следниов линк

На конкурсот за студиски престој на високообразовните институции можат да се пријават студенти на Универзитетот со македонско државјанство кои во моментот на реализирање на мобилноста се запишани најмалку во втора година на студии, додека во делот за реализација на обука/стажирање во компании, може да се пријават сите студенти на Универзитетот со македонско државјанство.

Мобилноста за студенти е во времетраење од еден семестар за студиски престој на високообразовна институција, односно во период од 2-5 месеци за обука/стажирање во компанија. Студентите кои за прв пат аплицираат ќе имаат предност при доделувањето на стипендии. Студентите кои биле избрани, а подоцна се откажале од реализација на мобилноста ќе бидат рангирани зад останатите студентите при повторно аплицирање. За оправданоста на причините за откажувањето ќе одлучува комисија по претходно поднесена молба. Студентите кои заминале на мобилност, а положиле помалку од 25% од испитите го губат правото повторно да аплицираат за стипендија во рамките на истиот студиски циклус.

Конкурсот за студенти е отворен до 13 септември 2017. Заинтересираните апликанти треба да ги поднесат своите апликации во коверт до службата за студентски прашања во Охрид или канцеларијата на Универзитетот во Скопје, секој работен ден од 8 до 16 часот, на ковертот треба да го наведат сопственото име и да назначат дека се работи за поднесување на апликација за учество во програмата Еразмус+.

**Апликациите за учество на студенти задолжително треба да содржат:**

- Мотивациско писмо напишано на англиски јазик во кое апликантот треба да напише зошто аплицира за користење на индивидуална мобилност и кои се неговите очекувања;
- Листа со имиња на предметите и добиени оцени за шест предмети за кои студентот добил највисоки оценки во досегашниот тек од студиите;

Доколку апликантот конкурира за студиски престој на високообразовна институција да наведе во рамките на која високообразовна институција (со кои Универзитетот има потпишано договори за меѓу-институционална соработка), би сакал да ја реализира мобилноста. Листата на универзитети со кои УИНТ има потпишано договори за меѓу-институционална соработка можете да ја видите на следниов линк

**Покрај задолжителните содржини ги охрабруваме апликантите кон апликацијата да ги достават и следниве документи:**

- Диплома за познавање на англиски јазик или доказ за познавање на јазикот на кој би се реализира наставата на соодветната високообразовна институција, односно обуката/стажирањето;
- Други дипломи или награди стекнати во текот на студиите (ако има такви);
- Една писмена препорака од професор или асистент од Универзитетот „Св. Апостол Павле“.

Поднесените апликации ќе ги оцени комисија, согласно постигнатиот успех и останатите елементи од апликацијата, по што ќе биде изготвена ранг листа, а највисоко рангираните ќе имаат предност при изборот на високообразовната институција каде ќе аплицираат за реализација на мобилноста.

За повеќе информации посетете ја ЕРАЗМУС+ секцијата на веб страната на УИСТ, особено во делот кој се однесува на студенти кои заминуваат на мобилност (Outgoing students).

Доколку имате било какви дополнителни прашања, обратете се кај Александар Петковски - контакт лице за ЕРАЗМУС+ програмата, преку електронска пошта на следнава адреса: aleksandar.petkovski@uist.edu.mk или преку телефон на 078 232 923.